## GLOBE активности

На годишно ниво:

- два GLOBE семинари (почетен и напреден)



- средба/натпревар на GLOBE училиштата



- GLOBE Смотри по повод 10 годишнина од спроведувањето на GLOBE Програма во Македонија





- вклучување на 3 нови училишта
- GLOBE весник
- GLOBE календар



Во текот на 2008 година Министерството за животна средина и просторно планирање, врз основа на GLOBE Teacher's guide, подготви и отпечати GLOBE Прирачник на македонски, кој е достапен за сите професори и ученици и на новата web страна GLOBE Програма.

## Достигнувања во GLOBE и учество во останати проекти

За да ја поддржат и признаат тешката работа на учениците ширум светот во рамките на GLOBE Програмата, научниците од GLOBE доделуваат специјална награда која е наречена "Специјална улога за главни научници" ("Chief Scientists Honor Role"). Оваа награда ја добиваат училиштата кои доставиле податоци за извршени повеќе од 500 мерења во текот на годината. Шест училишта досега повеќепати ја добиле оваа награда.

Со користење на податоците од мерењата во рамки на GLOBE Програмата, учениците учествуваат и на меѓународни натпревари и подготвуваат посебни проекти по поедини предмети (физика, хемија, биологија, уметност и.т.н).



## GLOBE соработка на меѓународно ниво

GLOBE училиштата од Република Македонија генерално имаат многу добра соработка со училиштата од Хрватска. Претставници од училиштата учествуваа на заеднички средби каде имаат можност да ги разменат искуствата во однос на спроведувањето на GLOBE Програмата и да се договорат за понатамошни заеднички активности. Професорите од Хрватска учествуваат како предавачи на семинарите за напредните протоколи. Исто така отворен е заеднички блог кој се користи за размена на искуствата помеѓу професорите и учениците од двете земји.



## GLOBE партнерство

На меѓународно ниво училиштето од Прилеп е збратимено со училиште од Лабин, Република Хрватска и училиште од Асеновград, Република Бугарија. Двете основни училишта од Битола и Скопје се во фаза на преговори за збратимување со училишта од Хрватска.

GLOBE училиштата во земјата имаат добра меѓусебна соработка, разменуваат искуства и нововклучените училишта често учествуваат на мерењата кои ги вршат училиштата кои се подолг временски период дел од GLOBE Програмата.



## Како да станете член на GLOBE семејството

За да може некое училиште да стане GLOBE училиште мора да обезбеди некои предуслови:

- Да пројави интерес за спроведување на GLOBE Програмата со писмено обраќање до Министерството,
- Да има посебно GLOBE катче и пристап до интернет,
- Да има барем еден обучен GLOBE наставник
- Редовно, точно и правилно да ги врши мерењата, а податоците да ги внесува во базата по пат на интернет.

Контакт:

*Министерство за животна средина и просторно планирање*

*Македонски информативен центар за животна средина*

*Адреса: бул.Гоце Делчев 6б, кат 11, 1000 Скопје, Република Македонија*

*Телефон/Факс: 3220-165*

*E-mail: info@moepp.gov.mk*

*http://www.moepp.gov.mk*

GLOBE

бо македонија

ГЛОБАЛНО УЧЕЊЕ И НАБЉУДУВАЊЕ ВО ПОЛЗА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

# Спроведување на GLOBE Програмата во Република Македонија



GLOBE училишта во Македонија

2009

Македонски информативен центар за животна средина

GLOBE
во македонија



## ШТО е GLOBE?

**Global Learning and Observations to Benefit the Environment**

Глобално учење и откривање во полза на животната средина

GLOBE е светска научна и образовна програма, која ја координира работата на учениците, наставниците и научниците со цел да се проучува и разбере глобалната животна средина.

GLOBE има создадено меѓународна мрежа на ученици од основно и средно образование за проучување на проблемите на животната средина, изведувајќи разни мерења во средината и разменувајќи корисни податоци за животната средина меѓу себе, како и со меѓународната научна заедница.

GLOBE програмата беше иницирана во 1994 година од страна на американскиот потпредседател Ал Гор и званично отпочна на 22 април 1995 година на 25 годишнината на Денот на планетата Земјата.

GLOBE претставува меѓународно партнерство во кое се инволвирани земји од целиот свет. Програмата ја води Владата на САД преку партнерства со други земји.

Во програмата досега се вклучени повеќе од 100 земји со над 10 000 училишта.

## Цели на GLOBE се:

Да се зголеми свеста за животната средина на поединците во целиот свет.

Да се придонесе кон научното разбирање на Земјата.

Да им се помогне на учениците низ целиот свет да постигнат повисоки стандарди во науката и математиката.

GLOBE развива чувство за науката, математиката и напредната технологија меѓу младите луѓе. Учениците вршат извонредно значајна научна работа и непосредно ги гледаат резултатите од своите проучувања




## Силата на GLOBE е во партнерството

**Учениците** вршат директни експерименти кои имаат вистинско научно значење. Тие учат како нивните локални откритија, заедно со оние на други ученици и научници од целиот свет, ја дополнуваат сликата за животната средина на земјината топка.

**Наставниците** во целиот свет ги упатуваат учениците како да вршат мерења, им помагаат на учениците да го разберат значењето на нивните набљудувања и ја објаснуваат важноста на глобалните визуализации (глобалната свест).

**Научниците** и учениците ги анализираат податоците во врска со информациите добиени од други извори. Проучувањата на животната средина во рамките на GLOBE помагаат за остварување на подобро разбирање на Земјата.

**Нациите** од целиот свет ги вклучуваат своите училишта во GLOBE со цел да ја зголемат глобалната еколошка свест и глобалното собирање на податоци.

**Организациите** и програмите кои го поддржуваат еколошкото образование и научните активности се здружуваат во заеднички заложби со GLOBE.

## GLOBE во Македонија:

Македонија е интересен простор за еколошки набљудувања и во тој контекст за развој на GLOBE Програмата. Со ваква мотивација, Република Македонија и Американската Програма GLOBE, преку Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија, од една страна и Националната управа за океанографија и атмосфера на САД, од друга, склучија Договор за пристапување на Македонија во Програмата, на 24 август 1998 година.

Активностите во рамките на GLOBE Програмата ги спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, преку Македонскиот информативен центар за животна средина и Министерството за образование и наука.

Во периодот на спроведување на GLOBE мрежата во Македонија, интересот за учество во Програмата на учениците и наставниците расте. Активно во спроведување на Програмата се вклучени 18 училишта, 13 средни и 5 основни, од кои во последните две години се вклучени 5 нови училишта.
Досега се одржани седум GLOBE семинари на кои се обучени 71 GLOBE тренер кои волонтерски ја спроведуваат Програмата во училиштата.

## GLOBE училишта во Македонија:

- СОУ „Гоце Делчев", Валандово
- ДСУ „Ибрахим Темо", Струга
- ОСУ „Ацо Рusковски", Берово
- СОУ „Наум Наумовски - Борче", Пробиштип
- СОЗШУ „Ѓорче Петров", Кавадарци
- ДСУ „Орце Николов", Скопје
- СОУ „Орде Чопела", Прилеп
- ССОС „Димитрија Чуповски", Велес
- ОСУ „Св. Климент Охридски", Охрид
- СОУ „Јосиф Јосифовски", Гевгелија
- СОУ „Богданци", Богданци
- ОСМУ „Никола Штејн", Тетово
- Приватно средно училиште „International High School", Скопје

- ОУ „Гоце Делчев", Ресен
- ОУ „Димитар Миладинов", Скопје
- ОУ „Кирил и Методиј", Битола
- ОУ „Круме Волнароски", с. Тополчани
- ОУ „Исмаил Ќемали", Гостивар

## Главни области на истражување

- **Атмосфера**
- **Земјина покривка**
- **Вода**
- **Почва**
- **Фенологија**
- **GLOBE ноќе**






